ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

09 – 1582/1
29-01-2014

Од:

Фонд за здравствено осигурување на Македонија

До:
-Лекарска комора на Македонија
ул. Партизански одреди бр. 3 Скопје

-Здружени на приватни лекари на Република Македонија
ул. Благој Ѓорев 159 Велес

-Здружение на лекари албанци на Република Македонија
ул.29-ти Ноември бб Клиничка болница Тетово

Предмет: Известување за воведување на електронски амбулантски дневник

Почитувани,

Согласно член 3 од Законот за евиденции во областа на здравството (Сл. Весник 20/2009 и 53/2011) од 01 јануари 2013 година е овозможено здравствените установи да вршат електронска обработка на здравствените и на медицинските податоци за пациентите. На тој начин за потребите на Фондот е дадена законска можност амбулантскиот дневник што го водат здравствените установи од примарна здравствена заштита да биде заменет со електронски дневник.

Со воведувањето на проектот електронски амбулантски дневник Фондот има за цел да овозможи на избраните лекари поголема ефикасност во работењето, избегнување на можноста за технички грешки, намалување на времетраењето на административното работење на лекарот, како и унификација во водењето на амбулантскиот дневник помеѓу сите лекари.

Содржината на податоците во електронскиот дневник е во согласност со важечката законска регулатива.

Електронски амбулантски дневник претставува илустрација на дневното работење на лекарот и на здравствената установа, со податоци за сите здравствени услуги кои од страна на лекарот се пружени на пациентите, терапијата која е издадена, здравствените совети, боледувања и сите останати работни активности кои се поврзани со укажување на здравствена услуга на пациентите прикажани по хронолошки ред на активностите. На крајот од работниот ден збирните внесените податоци во електронскиот дневник се печатат во хартиена форма.

Електронски амбулантски дневник треба да се води на ниво на здравствена установа. За секој лекар во склоп на здравствената установа се води посебна евиденција во рамките на еден заеднички амбулантски дневник.

Фондот изготви техничко упатство каде се дадени насоки кои податоци е потребно да се внесуваат во електронскиот амбулантски дневник и начинот како да се прикажуваат истите во извештаите. Техничкото упатство е објавено во месец Декември/2013 година на интернет страната на Фондот за здравствено осигурување.

За таа цел сите здравствени установи од дејноста општа медицина задолжително потребно е во сопственото апликативно решение да ги имплементираат сите новини согласно техничкото упатство за да може во текот на јануари 2014 година да започнат со водење на електронски амбулантски дневник.

**Оние здравствени установи кои ги имаат веќе прилагодено апликативните решенија, можат да започнат со нивно користење веднаш, со што во месец јануари може да се води амбулантскиот дневник и во електронска и во хартиена форма, додека од 01.02.2014 година за потребите на Фондот евиденцијата на амбулантскиот дневник ќе биде единствено електронски.**

За сите потребни информации можете да доставувате прашања на следната е-маил адреса: helpdesk@fzo.org.mk.

Со почит,

**Директор**

**М-р Маја Парнарџиева – Змејкова**

**Директор**

**Џемали Мехази**

**Xhemali Mehazi**

Изготвил: Јасмина Смилевска
Кристина Евтимоска

Контролирал: Ристана Митровска

Согласен: Даниела Јовческа Ѓуроска
Гоце Гаврилов